Врз основа на член 27 од Статутот на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп, Годишното Собрание на Акционери на Друштвото, на седницата одржана на 28 мај 2021 година, ја донесе следната:

**П Р Е Д Л О Г  О Д Л У К А**
**За усвојување на годишната сметка на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп за периодот 01 јануари до 31 декември 2020 година**

**Член 1**

Се усвојува годишната сметка на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп за годината која завршува на 31 декември 2020 година и придружните биланси:

- Извештај за финансиската состојба на ден 31 декември 2020;
- Извештај за сеопфатната добивка за периодот 1 јануари – 31 декември 2020;
- Извештај за промените во капиталот;
- Извештај за паричните текови.

**Член 2**

Во извештајот за финансиската состојба на ден 31 декември 2020 година се искажани следните билансни состојби:

| | |
|---|---|
| Средства | во Денари 2.527.364.692,00 (Евра 40.805.073,00) |
| Капитал и обврски | во Денари 2.527.364.692,00 (Евра 40.805.073,00) |

**Член 3**

Согласно извештајот за сеопфатната добивка за периодот од 1 јануари до 31 декември 2020 година, вкупните приходи изнесуваат 1.375.984.448,00 Денари (Евра 22.310.535,00), а вкупните расходи 833.626.910,00 Денари (Евра 13.516.623,00). Добивката пред оданочување е во износ од 542.357.537,00 Денари (Евра 8.793.912,00), данокот на добивка е во износ од 30.980.713,00 Денари (Евра 502.329,00) и остварената нето добивка за деловната година е во износ од 511.376.824,00 Денари (Евра 8.291.583,00).

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Претседавач на Собрание**

______________________